Врз основа на член 11 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата („Службен весник на РМ“ бр. 69/96) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.11.1997 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА, УНАПРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СТРОГИОТ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ ЕЗЕРАНИ, НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО**

Член 1

Друштвото за проучување и заштита на птиците на Македонија од Скопје се определува за вршење на работи во врска со заштитата, унапредувањето и одржувањето на Строгиот природен резерват Езерани, на Преспанското Езеро.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-2529/1
17 ноември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.